Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 – 432/2
28.11. 2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната трета седница на Советот на Општина Градско**
**на ден 10.11.2025 година, со почеток во 16.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следиот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 2-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-септември 2025 година- трет квартал.
3. Предлог- Измени и дополнувања на буџетот на Општина Градско за 2025 година- трет ребаланс.
4. Предлог- Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти.
5. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.
6. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.09.2025 година.
7. Разгледувања на барања и поднесоци.
8. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Драгана Данева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Драгана Данева, Веле Петрески, Душко Цековски, Кристина Самандова, Димче Богдановски, Тоше Петревски, Александар Ристовски, Благоја Станишевски и Боне Спасовски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита предложениот дневен ред и предложи истиот да биде дополнет со 1(една) точка:

1. Предлог- Одлука за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ “Даме Груев” Градско со нов образовен објект (за 2026 година).

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 3-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 2-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Советот на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 2-та Седница на Советот на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 2-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 2-та седница на Советот на Општина Градско.

*2.Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-септември 2025 година- трет квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Кварталните извештаи се заклучно со 30.09.2025 година, реализацијата на приходите изнсува 67,47 % од вкупно предвидените средства. На тековно оперативните приходи реализацијата изнесува 63,29 %, додека на капиталните приходи реализацијата изнесува 82,40%. Во делот на расходите реализацијата на вкупните расходи изнесува 61,33%, реализацијата на тековно оперативните расходи е 69,38% додека капиталните расходи се 47,16%. Во овој квартал не се вклучени плаќањата што општината ги има направено за исплата на делот од авансот за изградбата на новиот образовен објект. Не е вклучена и реализацијата на две улици во с.Виничани и еден дел во с.Ногаевци. К2 извештајот е за доспеани а ненамирени обврски, поголемиот дел се однесува на позајмицата која општината ја има земено во 2008 година од централниот буџет. Дел е вратена но овој износ ни се провлекува со години. К3 извештајот е во однос на задолжувањата по основ на кредити или други заеми, ниту општината ниту ЈКП немаат задолжувања по таков вид на основ.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-септември 2025 година-трет квартал.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-септември 2025 година-трет квартал.

*3.Измени и дополнувања на буџетот на Општина Градско за 2025 година- трет ребаланс.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. На крај на годината може да се направи последен ребаланс на буџетот, односно најкасно до 15 ноември. Во приходите нема измени. Во однос на расходите може да се види во образложението каде се прават измените. Се зголемува за репрезентација за денот на општината, субвенциите за ЈКП се плус 200.000,00 денари, за новогодишно осветлување, за печатење на материјали за денот на општината. Намалување имаме кај платите поради тоа што требаше да има трансформација на едно работно место но не се случи. Имаме трансфери за починат родител, за јубилејни награди, за набавка на цистерната преку Вардарски плански регион.

Киро Нацков- преку Вардарски плански регион треба да земиме возило со три намени, перење на улици, одзатнување на канализација и шахти и може да се користи и за превенција од пожари, тоа е цистерна со 3,5 тони вода. Првата јавна набавка пропадна по жалба на еден од учесниците, повторно е распишана и трае до 27 ноември. Општината учествува со 600.000,00 денари, остатокот се обезбедени од Вардаскиот плански регион.

Елена Смилкова- блок дотацијата се кратеше за да може да се обезбедат средства за купување на опрема на новиот објект, за да не се случи да се враќаат средства.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Измените и дополнувањата на буџетот на Општина Градско за 2025 година- трет ребаланс.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ги усвои Измените и дополнувањата на буџетот на Општина Градско за 2025 година- трет ребаланс.

*4.Одлука за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект (за 2026 година).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Развојната програма е усвоена уште 2025 година, но за секој проект доколку се плаќа повеќе години се носи развојна програма. Дел од средствата се реализирани, ќе се заврши 2026 година, средтвата се обезбедени од страна на државата со капитална дотација од унгарскиот кредит, комплетно финансирањето оди преку Владата. Се носи сега поради тоа што има законски рок, а ќе биде вклучена во буџетот за 2026 година, но мора да се донесе до 15 ноември.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект (за 2026 година).

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Развојна програма НАА - Проширување и доградба на ООУ "Даме Груев" Градско со нов образовен објект (за 2026 година).

*5.Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Беше кажано дека за членови во комисијата треба да има две лица од советниците, две лица од училиштето и едно лице од општинската администрација. За членови на комисијата беа предложени од совет Кристина Самандова и Боне Сасовски, од училиштето Билјана Славева и Мара Аризанова ид општинската администрација Мери Седмакова Димовска.

Бидејќи немаше други предлози, Претседателот на Советот ја затвори расправата, го стави на усвојување Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти.

*6.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Киро Нацков- ова е заеднички проект на општините од Вардарскиот регион, стационарот партиципира со финансиски средства од општините по според број на жители, но сега за сега проблемот со кучињата не се решава. Доаѓаат на наше барање, ги собираат, таму се максимум месец дена, ги кастрираат, повторно ги враќаат назад и сметаат дека е завршена работата но не е. Прилично е скапо, а проблемот не е решен, нема некој ефект. Има вработено седум лица, има управен одбор, надзорен одбор и целосното финансирање од деветте општини.

Боне Спасовски- постојано има нови улицни кучиња во Виничани.

Киро Нацков- има и во Градско.

Боне Спасовски- во врска со вработувањата, одвојуваме средства има ли шанса да се вработи лице од општина Градско.

Киро Нацков- има ако му се исплати да патува, имаа проблем бараа лице со ветеринарен факултет, беше понудено но лицето не прифати.

Димче Богдановски- по уплатите се гледа дека плаќаат малите општини, а големите се должници, како ќе функционираат.

Киро Нацков- така е секаде, поголемите општини се најголеми должници.

Веле Петрески- има закон за чипирање на кучињата, се додека не се плаќаат казни милениците ќе бидат пуштени.

Боне Спасовски- ќе каснат некој општината треба да плаќа.

Киро Нацков- имавме случај кај Даде бензинската жена беше касната од куче иако се работи за приватен имот, изгубивме и плативме.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година.

*7.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.09.2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.09.2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.01.2025 до 31.09.2025 година.

*8.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Сенад Мусов од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Емануел Реџепов од Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

в) Барање од Љупче Лазовски од с.Ногаевци за доделување на финансиски средства потребни за лекување на неговиот син.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства во висина од 90.000,00 денари.

г) Барање од Милан Николовски од Градско за доделување на финансиски средства потребни за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства во висина од 25.000,00 денари.

д) Барање од Никола Петрушев од Градско за доделување на финансиски средства потребни за операција.

Киро Нацков- барањето е за одобрување финансиски средства за операција која треба да се направи за ден, два и тогаш ќе се знае точната сума.

По разгледување на барањето советниците едногласно со гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства.

*9.Разно.*

Боне Спасовски- во Виничани чешмата е добро направена, но во последно време хигиенски не се одржува, не се чисти. Барав да се стави цемент за кога врне да се се собира земја. За другата чешма ако може од страна на ЈКП Клепа да се откопа цревото и да се подигне 30см, многу е ниско за полнење вода.

Киро Нацков- ќе му пренесам на директорот, аод наредната седница ако може да биде присутен за се што е во делот на ЈКП да слушне.

Боне Спасовски- ако може со една или две сијалици да се осветли долот од школото. Во Водоврати канализацијата е прекината, не се знае точно каде е затната.

Киро Нацков- викнавме камион од Кавадарци да ја одзатне, друг е проблемот од слама е.

Боне Спасовски- треба да им се каже да си стават решетки, да не доаѓа до затнување.

Боне Спасовски- материјалот што се даваше за денот на општината од едната страна беше ставен Манастирот во Чичево, дали има шанса кога ќе се прави од другата страна да биде ставен Манастирот во Свеќани.

Киро Нацков- во ред е се уште немаме одлучено што ќе правиме за оваа година.

Димче Богдановски- под надвозникот кај старата патарина има поголема дупка на патот, кривина е нема прегледност, тука се уклучуваат и камионите од Ми-Са, ако може да се санира.

Киро Нацков- сакам да Ве известам дека направивме големи анализи на сите води во Градско, во Ногаевци има голем проблем, водата има 3,5 пати повеќе манган од дозволеното. Според известувањето што го добивме од АХВ водата треба да ја ставиме надвопр од употрена, да не се користи за пиење и за приготвување на храна до следното мерење и чекаме од нив насока како да постапиме. Во Виничани има многу мала разлика не е толку сериозна работата, треба да се стави хлор и за краток временски период ќе се среди, но Ногаевци е сериозно.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори третата седница во 17:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Драгана Данева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГРАДСКО
ГРАДСКО